299

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
22. X. 1965

*Втора самостојна изложба на Александар Јанкуловски - Цане*

# СЛИКАРСКИОТ ОПУС—ОСЕТ ЗА КОМПОЗИЦИЈА

ЖИВОТНИОТ И ТВОРЕЧКИОТ пат на младиот македонски уметник е испреплетен со постојани испитувања во областа на ликовната уметност. Овој немирен и динамичен човечки дух е перманентно сврзан со светот кој го преокупирал во создавањето на својата основна ликовна концепција. Поставувајќи ја својата основ на мисла како стартна база во своето сликарство Јанкуловски смело им пријѓал на мотивите кои сукцесивно доаѓале во пресретот на својата бујна ликовна имагинација.

Сфаќајќи ја суштинската потреба на она што со години било носено во утробата на еден уметник како ризница на неисцрпни мотиви уметникот многу вешто и осмислено се фрлил врз реализирањето и правилното интерпретирање на своите ликовни ставови.



Неговата преокупација е човекот како биолошка егзистенција. И со оваа тематика сликарот е застапен со 12 ликовни експонати претежно во монументален формат. Човекот како мотив е често патимета на платната на голем број сликари. Но неговото презентирање и стереотипно со извесна деформација и упростување во начинот на прикажувањето. Пристапот на овој автор кон овој мотив е осмислен со извесна нота на внатрешна психолошка емотивност. И од оваа позиција уметникот создал цел циклус творби кои говорат една воедначена ликовна целина.

Изложените платна на оваа втора по ред самостој на ликовна изложба се само плод на повеќегодишна временска студија. Тука уметникот дал сé од себе, непоштедувајќи ја перманентната врска меѓу платната и себе си. Ориентиран во ваква богата ризница на мотиви со длабоки човечки белези Цане Јанкуловски континуирано изградил свој сопствен стил кој доследно го презентира како сликар со оформена ликовна палета. Ликовниот третман и композиционото поставување на масите се основен белег во ликовното творештво на овој млад македонски сликар. Преку него тој до минимум ги совладува големите површини во неговите слики и на тој начин секој посебен дел е ликовно сплеменет. Преку веќе изградената сликарска техника настојува да ни прикаже патина која е осмислено проткаена во најситните ликовни површини. Ваквата сликарска патина што насекаде Јанкуловски ја пренесува по своите платна и одраз на една подолга работа која бара поцелосно ангажирање за нејзиното доследно спроведување. И оттука авторот е конструктивен во барањата и во она што сака да ни го прикаже.

Исфилтрираното чувство за колористичко третирање, широкиот зафат на сликарската палета и здравиот осет за композиција се односно подлога во сликарскиот опус на овој инвентивен сликар. Од сите сликарски компоненти креира дела со материјалистичка подлога.

Техниката, патината, начинот на колорирањето и мотивот се основни елементи што ја сочинуваат секоја негова творба. Со нив тој ги оживува предметите кои ги создава давајќи им при тоа акцент на виталност. Делата што ги гледаме на оваа изложба се без наслов. Тој го избегнува именувањето на сликите туку настојува исти да бидат интерпретирани од самиот гледач што се воочува со нив.

Ваквиот обид на младиот уметник е смел токму заради тоа што сака да ни презентира начин кој е со сема хетероген за разлика од секојдневното ликовно прикажување. Таквите односи што го оформува овој сликар е избегнување на секое туѓо влијание и настојување да се биде свој со свој начин на искажување.

Теофил ШУЛАЈКОВСКИ